*КЈП НИСК ГРАДБА - Битола

Бр. 01-1296/1
13. 12. 2024 год.
Битола

# ГОДИШЕН ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА КЈП „НИСКОГРАДБА“ - БИТОЛА ЗА 2025 ГОДИНА

Битола, Декември 2024 год.

## Услови за стопанското работење во 2025 година

КЈП Нискоградба - Битола, како претпријатие формирано од локалната самоуправа за потребите на градот со својата основна дејност ги врши следните активности:

- Одржување на атмосферска и фекална канализација;
- Реконструкција и изградба на канализација и улици;
- Чистење на отворени водотеци и чистење на коритото на река Драгор;
- Одржување на градските улици, со потребното крпење во зимски услови (Зимска служба);
- Изработка на прекопи на улици за потребите на ЈКП,,Водовод" - Битола и санирање на истите;
- Врши и други работи од доменот на инфраструктурно уредување и дооформување на градски површини, согласно урбанистичките планови и годишните програми на Советот на Општина Битола;
- Изработка на техничка документација - проектирање на објекти од областа на нискоградбата.

Реконструкција и изградба на уличната канализација е финансирана од повеќе програми и во зависност од прибраните средства, Општина Битола врши инвестирање во канализацијата.

Изградбата на канализациона мрежа како и одржувањето на улици и патишта во зимски услови – Зимска служба КЈП Нискоградба - Битола како Јавно претпријатие формирано од Општината ја изведува целосно, без учество на тендер, а во согласност со законот за Јавни набавки ( член 24).

За изградба на канализациона мрежа според програмата на Општина Битола за 2025 год., КЈП Нискоградба – Битола по овој основ планира приходи на износ од 36,952,443.00 денари, додека за одржувањето на улиците предвидени се приходи во износ од 11,016,949.00 денари.

Зимската служба како посебен сегмент од нашите активности според оценка на учесниците во програмата за зимско одржување со сите специфичности на градот од аспект на атмосферските услови како и од аспект на згуснат градски урбанизам, добро и успешно се извршува. Предвидените средства за реализирање на програмата за зимско одржување за 2024 - 2025 година, кои ги има Општината изнесуваат 12,857,143.00 денари без пресметан ДДВ.

За чистење на река Драгор предвидени се 1,356,990.00 денари кои според членот 24 од законот за јавни набавки во целост ги реализира КЈП Нискоградба – Битола.

За 2025 година планирани се приходи за изведување на други работи во износ од 4 милиони денари , во овие приходи влегуваат приходи од рушење на постоечки објекти за Општина Битола , уредување на урбани површини и слично.

Согласно горе наведените програми од Општина Битола за 2025 година за одржување на комунални и градежни објекти и уредување на градежно земјиште планирани се вкупно приходи од 66,420,813.00 денари.

За извршени други услуги од дејноста за други правни лица и граѓани планирани се приходи за 2025 год. на износ од 6,500,000.00 денари, или вкупно по основ на извршени услуги за 2025 год. планирани се вкупно 72,920,813.00 денари.

Што се однесува на приходите од надоместок за одржување на канализационата мрежа кај правни и физички лица во 2025 година се планира да се остварат 72,5 милиони денари.

За 2025 година планирани се и приходи од употреба на сопствени средства за реконструкција на канализациона мрежа во износ од 2,600,000.00 денари.

За 2025 година предвидени се и останати приходи од редовното работење , од камати и други приходи во износ од 1,018,000.00 денари.

**Планирани приходи и расходи за 2025 година**

**Во 2025 година ги планираме следните приходи:**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Приходи од услуги ..... | 72,920,813.00 денари |
| 2. | Приходи од надоместок за канализација ..... | 72.500.000,00 денари |
| 3. | Сопствени приходи..... | 2,600.000,00 денари |
| 4. | Други приходи ..... | 1,018.000,00 денари |
| | **ВКУПНО:** | **149,038,813.00 денари** |

КЛП Нискоградба- Битола, планот за работа за 2025 година го работи врз основа на:

- Остварените резултати до месец октомври 2024 година и предвидувања за остварени приходи заклучно со месец декември 2024 година ;
- Предвидувања за престојните задачи во 2025 година, а врз основа на усвоените програми на Општина Битола и
- Примена на економските принципи во работењето, како економичност, продуктивност и рентабилност;

## Табела на планирани приходи за 2025 година, споредени со приходите во 2023 и 2024 година

| Реден број | Структура на приходи | Остварени приходи во 2023 год. | Остварени приходи до 31.10.и предвидени до 31.12.2024г | Планирани приходи за 2025 год. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Програма за одржување на комунални и градежни објекти и уредување на градежно земјиште – Општина Битола** | | | |
| 1.1 | Изградба на канализација | 34,641,827.00 | 16,698,368.00 | 36,952,443.00 |
| 1.2 | Одржување на улици | 5,659,471.00 | 7,986,246.00 | 11,016,949.00 |
| 1.3 | Зимска служба | 11,205,007.00 | 12,425,115.00 | 12,857,143.00 |
| 1.4 | Чистење на река Драгор и др. ободни канали | 1,424,840.00 | 1,263,976.00 | 1,356,990.00 |
| 1.5 | Изведување на други работи | 6,943,421.00 | 3,839,254.00 | 4,237,288.00 |
| | **Вкупно :** | **59,874,566,00** | **42,212,959.00** | **66,420,813.00** |
| **2** | **Други работи** | | | |
| 2.1 | Услуги за претпријатија и граѓани | **5,670,800.00** | **7,200,000.00** | **6,500,000.00** |
| | **Вкупно од услуги (1+2)** | **65,545,366.00** | **49,412,959.00** | **72,920,813.00** |
| **3** | **Одржување на градска канализација** | | | |
| 3.1 | Вкупно правни и физички лица | 67,787,637.00 | 71,743,000.00 | 72,500,000.00 |
| **4** | Приходи од употреба на сопствени п-ди - сопствена канализација | 2,076,647.00 | 2,286,941.00 | 2,600,000.00 |
| **5** | Приходи од камати | 622,417.00 | 774,929.00 | 800,000.00 |
| **6** | Останати приходи од работењето | 1,054,655.00 | 172,000.00 | 200,000.00 |
| **7** | Други деловни приходи | 50,516.00 | 15,000.00 | 18,000.00 |
| | **Вкупни приходи од редовно работење** | **137,137,238.00** | **124,404,829.00** | **149,038,813.00** |
| **8** | Приходи од донација | **450,000,00** | - | |
| | **Вкупно од реден број:1,2,3,4,5,6,7 и 8** | **137,587,238.00** | **124,404,829.00** | **149,038,813.00** |

Анализирајќи ја табелата на остварени приходи од редовното работење за 2023 година , предвидени приходи за 2024 год. и планираните приходи за 2025 год. се констатира дека планираните приходи за 2025 год. се повиски од остварените во 2023 год. за 11,451,575.00 ден. и поголеми од предвидените приходи за 2024 година за износ од 24,633,984.00 денари.

Комунално јавно претпријатие „НИКОГРАДБА" Битола

## Табела на планирани расходи за 2025 година, споредени со расходите во 2023 и 2024 година

| Видови на расходи | Остварени расходи 2023 | Остварени расходи до 31.10.2024 и предвидени до 31.12.2024 | Планирани расходи 2025 |
|---|---|---|---|
| (1) | (2) | (4) | (5) |
| Потрошени суровини и материјали | 16,926,579.00 | 11,915,531.00 | 17,000,000.00 |
| Потрошена енергија | 4,425,962.00 | 3,500,000.00 | 3,500,000.00 |
| Отпис на ситен инвентар | 667,848.00 | 440,856.00 | 450,000.00 |
| Пош., телеф. GPJ и интернет. услуги | 759,587.00 | 885,900.00 | 900,000.00 |
| Услуги за одржување на опремата | 2,356,999.00 | 2,936,105.00 | 3,000,000.00 |
| Услуги за обезбедување на имотот | 716,935.00 | 862,993.00 | 900,000.00 |
| Закупнина | 163,913.00 | 96,000.00 | 100,000.00 |
| Комунални услуги | 195,913.00 | 164,527.00 | 170,000.00 |
| Производни услуги | 6,104,200.00 | 3,220,220.00 | 3,200,000.00 |
| Услуги за читање на водомери | 1,236,000.00 | 1,236,000.00 | 1,236,000.00 |
| Услуги од агенции за вработување | 5,721,056.00 | 1,929,452.00 | 1,000,000.00 |
| Бруто плати | 70,651,547.00 | 82,476,711.00 | 85,600,000.00 |
| Бруто плати за нови вработувања | - | - | 1,400,000.00 |
| Амортизација | 12,515,925.00 | 12,600,000.00 | 12,600,000.00 |
| Останати трошоци на вработените регрес, отпремнина и помошти | 4,392,609.00 | 6,072,639.00 | 6,000,000.00 |
| Дневници за службен пат | 400,997.00 | 405,408.00 | 400,000.00 |
| Надомести на трош. на работ.и подар. | 151,025.00 | 1,196,486.00 | 1,200,000.00 |
| Трошоци за Управен и Надзорен Одбор | 935,396.00 | 845,388.00 | 900,000.00 |
| Реклами, репрез.,спонзорства и донации | 2,404,250.00 | 1,951,723.00 | 1,700,000.00 |
| Премии за осигурување | 1,504,167.00 | 2,855,256.00 | 2,800,000.00 |
| Банкарски услуги и платен промет | 705,828.00 | 714,963.00 | 700,000.00 |
| Даноци кои не зависат од резултат админ., судски и др. давачки | 536,796.00 | 283,615.00 | 300,000.00 |
| Останати трошоци од работењето | 2,016,533.00 | 1,129,144.00 | 1,150,000.00 |
| Отпис на побарувања | 140,472.00 | 295,310.00 | 300,000.00 |
| Надомести на штети од дејноста | 219,209.00 | 559,555.00 | 650,000.00 |
| Дополнително утврдени расходи од минати години | 875,291.00 | 393,658.00 | 400,000.00 |
| Камати од работењето со неповрзани друштва | 503,134.00 | 410,952.00 | 420,000.00 |
| **ВКУПНО :** | **137,246,171.00** | **139,378,393.00** | **147,976,000.00** |

Од горните две табели на приходи и расходи можи да се забележи дека КЛП Нискоградба Битола деловната 2025 година ќе ја заврши со позитивен финансиски резултат.

**Во 2024 година извршени се следните градежни работи финансирани од Општина Битола :**

1. Зимска служба -2023/2024 год.
2. Рконструкција на мешовита канализациона мрежа во Горно Оризари
3. Санација на ударни дупки со асвалт и коцка на подрачјето на Општина Битола
4. Реконструкција на канализациона мрежа на ул.„Солунска“
5. Изградба на решетки и сливници во Општина Битола
6. Чистење на река Драгор
7. Санација на дрвени мостови на река „Драгор“
8. Реконструкција на мешовита канал. мрежа на дел од ул.„Ѓико Фундали“
9. Санација на потпорен зид
10. Изработка на 4 канализациони приклучоци од сервис на улици кон колекторот во с.Трново и с.Магарево , крак 21, 22, 23 и 24
11. Изведба на приклучоци за мешовита канализација на ул.„Стив Наумов“ од бр. 72 до бр.80
12. Изработка на атмосферска канализација „Буковски мост“ бр.27
13. Реконструкција на банкини со коцка за пат во с.„ Брусник„
14. Приклучок на канализација и вода на ул.„Младински бригади“ бб (поранешен дом за доенчиња)
15. Изградба на канализација за детски базен во ОУ „Даме Груев“

**Во 2024 година за реконструкција на застарена канализациона мрежа од средствата на КЛП Нискоградба – Битола се изведени следните работи:**

1. Реконструкција. на дефект на канализација.на ул.„Охридска“
2. Реконстр. на дефект на канализација на ул.„Мукос“
3. Пробивање и санација на дефект на канализација во с.„Брусник“
4. Набавка и вградување на капак за тежок сообраќај ул. „Прилепска“ (Макпетрол)
5. Прекоп на ул.Илинденска бр.8 и бр.11
6. Санација на дефект на канализација ул.14-та
7. Санација на канализациона мрежа на ул.Девеани
8. Санација на канализациона мрежа на ул.„Марко Цепенков“
9. Изработка на одвод за чешма во населба „Стрелиште“
10. Санација на канализациона мрежа на ул..„Девеани“ бр.73
11. Реконструкција на мешовита канализација. на ул.12-та
12. Санација на мешовита кан. на ул.Јоаким Крчовски
13. Реконструикција на мешовита канализација на. Ул.Трифун Пановски бр. 20-20а
14. Санација на мешовита канализациона цевка на ул.Девеани бр.74

**Напомена:** Трошоците за одржување на канализациона мрежа како расходи не се книжат на посебна сметка и истите се влезени во збирот на вкупните расходи. Овие трошоци се вкалкулирани во трошоците за бруто плати, материјали, гориво , одржување и во некои други материјални и нематеријални трошоци и истите се пресметани со посебни калкулации.

**Планираните вкупни приходи за 2025 година изнесуваат 149,038,813.00 денари.**

**Планираните расходи за 2025 година изнесуваат 147,976,000.00 денари**

**Од прегледот на планирани приходи и расходи за 2025 година очекуваме дека во 2025 година КЈП "Нискоградба" - Битола, ќе оствари добивка пред одданочување од околу 1,062,813.00 денари.**

| | |
|---|---|
| **Планирани приходи за 2025 година** | **149,038,813.00** |
| **Планирани расходи за 2025 година** | **147,976,000.00** |
| **Планирана добивка за 2025 година (пред одданочување)** | **1,062,813.00** |

Во 2025 година се планира зголемување на приходите од услуги за 23,5 милиони денари во споредба со 2024 година. Ваквото зголемување се јавува како резултат на зголемените планирани приходи за одржување на улици односно овие приходи се за 3,03 милиони денари поголеми од истите во 2024 год., приходите од Зимска служба се незначително зголемени за 432,028.00 денари и истите зависат од временските услови , односно од врнежите на снег и ниските теператури. Приходите од изведување на други работи се планирани со сличен интензитет како во 2024 година и тука влегуваат приходи од рушење на постоечки објекти за Општина Битола , уредување на урбани површини и слично.

Приходите од надоместок за одржување на канализационата мрежа за 2025 година за правни и физички лица се предвидува да се зголемат само за 757,000.00 денари и истото е резултат од примена на добиено Решение од Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на КЈП Нискоградба Битола со П.О. за регулиран период 2024 – 2026 година.Ваквото мало зголемување на овој приход се должи како последица на **не постапување** по првичното Решение за промена на цена донесено од Регулаторна комисија заради негово не усвојување од страна на Советот на Општина Битола и воведување на цена со последователно Решение кое содржи многу пониски цени од првичното. Напоменуваме дека малото зголемување на овој приход е резултат и од намалувањето на количините на потрошена вода која секоја наредна година е помала од претходната.

Менаџерскиот тим на КЈП Нискоградба - Битола, во соработка со Општина Битола како нејзин оснивач заеднички ќе ги превземаат сите потребни мерки за остварување на Планот за 2025 година.

Во Табелата која следи се дадени договори кои се во тек од 2024 година и договори кои се планира да се склучат врз основа на програмата на Општината за 2025 година , дел од овие договори влегуваат и во развојната програма и напоменуваме дека во целост нема да се реализираат во планска 2025 година. Доколку Општината има потреба за други активности од делокругот на работењето на КЈП Нискоградба- Битола за истите ќе бидат склучени и други договори согласно измените на програмата на Општина Битола.

## Постоечки договори кои треба да се до реализираат и планирани договори со Општина Битола за 2025 год.

| Реден број | ОБЈЕКТ | Вкупен износ по договор со ДДВ |
|---|---|---|
| 1 | Чистење на корито на река Драгор и други водотеци | 1,500,000.00 |
| 2 | Изведба на решетки и сливници низ град Битола | 2,000,000.00 |
| 3 | Зимска служба 2024 -2025 г. | 15,227,242.00 |
| 4 | Изградба на атмосферска канализација АРМ-5-спортска сала | 780,000.00 |
| 5 | Тампонирање на улици и патишта | 1,000,000.00 |
| 6 | Канализациона мрежа на ул.,,Леринска,, | 3,540,338.00 |
| 7 | Санација на ударни дупки со асвалт и коцка | 6,000,000.00 |
| 8 | Градежни работи со бекатон плочки | 6,000,000.00 |
| 9 | Реконструкција на мешовита канализац, на ул.,,Христо Ботев“ | 3,790,000.00 |
| 10 | Реконструкција на мешовита канализац, на ул.,,Караорман“ | 8,524,271.00 |
| 11 | Изградба на канализациона мрежа на ул. 150, 170 и 210 -БРЛ -4 | 10,145,184.00 |
| 12 | Изградба на фекална и атмосферска канализација на ул. „11-та „ –ул. „Димитар Тодоровски,, | 4,105,870.00 |
| 13 | Реконструкција и изградба на мешовита канализација. на ул.,,Панде Кајзеро“ | 3,249,089.00 |
| 14 | Изградба на фекална и атмосферска канализација „СТУ 3“ | 7,469,131.00 |
| 15 | Фекална канализација во с. Трново пр. Л=391 м | 5,160,318.00 |
| 16 | Рушење на постоечки објекти за Општина Битола | 266,508.00 |

## 1. Инвестициони вложувања во 2024 година

| ОСНОВНИ СРЕДСТВА НАБАВЕНИ ВО 2024 ГОДИНА | | |
|---|---|---|
| **Ред. Бр** | **Вид на основно средство** | **Износ без ДДВ** |
| 1 | Софтвер и останата опрема | 35,055.00 |
| 2 | Канцелариски инвентар | 74,000.00 |
| 3 | Алат и мерни инструменти | 141,938.00 |
| 4 | Компјутери и компјутерска опрема | 43,651.00 |
| | **ВКУПНО :** | **294,644.00** |

Во 2024 година направени се вкупно инвестициони вложувања од 294,644.00 денари, додека

## 2.Планирани инвестициони вложувања за 2025 година

| | **ОСНОВНИ СРЕДСТВА ПЛАНИРАНИ ЗА НАБАВКА ВО 2025 ГОДИНА** | **Планирана набавна вредност** |
|---|---|---|
| **Ред. Бр** | **Вид на основно с-во** | |
| 1 | Посипувач за сол и плуг за снег | 2,000,000.00 |
| | **ВКУПНО:** | **2,000,000.00** |

Горе наведеното основно средство е со приоритет и секако доколку дозволува финансиската состојба на претпријатието ќе се набават и други основни средства кои се потребни за непречено и квалитетно работење на КЈП Нискоградба - Битола.

Изготвил:
Марица Тодоровска
Советник за финансиска оперативa

Контролирал:
Наташа Стојановска
Помошник на директорот за финансиски и правни работи

ВД Директор на КЈП „Нискоградба" Битола
Зоран Талески

КЈП "НИСКОГРАДБА" - Битола

| Примено: | 31. 12. 2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| | 01-1296 | 2 | |


Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024) член 22 став 1 точка 33 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 23.12.2024 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

за усвојување Годишниот план и Програма за работа на КЈП„Нискоградба” Битола за 2025 година

1. СЕ УСВОЈУВА Годишниот план и Програма за работа на КЈП„Нискоградба” Битола за 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-158/25
23.12.2024 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Габриела Илиевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • СОВЕТ НА ОПШТИНАТА • ОПШТИНА БИТОЛА

Комунално јавно претпријатие
„НИСКОГРАДБА“
БР.02-1258/4
13.12. 20 24 ГОД.
БИТОЛА

Врз основа на член 17 од Статутот на КЈП Нискоградба Битола и член 20 од Деловникот за работа на Управниот одбор на КЈП Нискоградба Битола, Управниот одбор на претпријатието на седницата одржана на ден 13.12.2024 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## За усвојување на Годишен план и програма за работа

## на КЈП Нискоградба Битола за 2025 година

1. Се донесува Одлука со која во целост се усвојува Годишниот план и програма за работа на КЈП Нискоградба Битола за 2025 година, по претходно добиено позитивно мислење од Одборот за контрола на материјално финансиско работење на КЈП Нискоградба Битола.

2. Истиот се доставува на понатамошно разгледување и усвојување до Советот на Општина Битола.

3. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно законските прописи и Програмата за работа на Советот на Општина Битола,Управниот одбор на претпријатието на седницата го разгледа Годишниот план и програма на КЈП Нискоградба Битола за 2025 година и одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

ДА СЕ ДОСТАВИ -архива

-материјали за Управен одбор

-Совет на Општина Битола

-Сектор за финансии сметководство и комерција

Бр.02-1258/4

13.12.2024 година

Битола

Управен одбор

Претседател

М-р Игор Дранговски

Комунално јавно претпријатие „НИСКОГРАДБА“ Битола

Комунално јавно претпријатие
„НИСКОГРАДБА"
БР. 02-1257/4
13.12 2024 ГОД.
БИТОЛА

До

Управниот одбор на
КЛП Нискоградба Битола

ПРЕДМЕТ: Мисленье од Одборот за контрола на материјално финансиското работење-
за Годишниот план и програма на КЛП Нискоградба Битола
за 2025 година

Во согласност со член 27 став 3 од ЗЈП и член 7,8 од деловникот за работа на Одборот за контрола на Материјално финансиското работење при КЛП Нискоградба - Битола, Одборот за контрола на својата седница одржана на 13.12.2024 година го разгледа **Годишниот план и програма за работа на КЛП Нискоградба Битола за 2025 година и дава позитивно мислење за истиот.**

На состанокот разгледан беше Годишниот план и програма за работа на КЛП Нискоградба Битола за 2025 година каде споредбено се прикажани остварените приходи и расходи за 2023 година и оние што се планираат по завршната сметка за 2024 година, како и планираните приходи и расходи за 2025 година.

Во 2025 година КЛП Нискоградба Битола предвидува дека ќе оствари добивка пред оданочување од 1.062.813,00.

1. Планирани приходи за 2025 година-------- 149.038.813,00
2. Планирани расходи во 2025 година--------- 147.976.000,00

Планирана добивка за 2025 година (пред оданочување)—1.062.813,00

Според планираните приходи од 149.038.813,00 планирани се и расходите за 2025 година во износ од 147.976.000,00 денари.

Според планот за работа за 2025 година се предвидува дека КЛП Нискоградба Битола и во 2025 година ќе продолжи да работи успешно и ќе оствари позитивен финансиски резултат.

Одборот за контрола на материјално финансиско работење на КЛП Нискоградба Битола дава позитивно мислење за Годишниот план и програма за работа за 2025 година и му предлага на Управниот одбор истиот да го усвои

**13.12.2024 година**

**Одбор за контрола на материјално финансиско работење**

1.Александар Петровски
2.Благој Ристевски
3.Мартина Мишевски
4.Јасмина Ристановска
5.Георгина Ружин

Комунално јавно претпријатие „НИСКОГРАДБА" БИТОЛА